Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

17 Ноември, 2022

Архивски број : 21 – 5930/9

Врз основа на член 49 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година) Министерството за транспорт и врски упатува и го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## За организирање на
## ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10 MW, ВО КО М'ГЛЕНЦЕ И КО МАЛОТИНО, ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Се организира Јавна расправа и јавна презентација по Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет на 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет на 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане ќе биде достапен за увид на широката јавност и јавно презентиран од 04.12.2022година до 03.01.2023 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски, како и во информацискиот систем Е-урбанизам и на веб страната на Општина Старо Нагоричане. Исто така во хартиена форма примерок од урбанистичкиот план ќе биде изложен на увид и проверка на широката јавност во просториите на Министерството за транспорт и врски и во општина Старо Нагоричане.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

Јавната расправа ќе се одржи на ден 04.01.2023 година (среда) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

**изработил/одобрил:**
**Помошник раководител на**
**Сектор за уредување на просторот – Илина Лалкова, диа**


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk